# Индекс на политички интегритет [1]

## Случај #2 - Синдикален лидер Благоја Ралповски, претседател на Конфедерацијата на слободни синдикати (КСС)

### Вовед

Во фокусот на оваа анализа е синдикалниот претставник Благоја Ралповски (претседател на Конфедерацијата на слободни синдикати - КСС), во контекст на неговото однесување за време на протестите за зголемување на минималната плата и неговото последователно именување за член на Управниот одбор на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување (ПИОМ).

Случајот добива јавна видливост во период на засилени синдикални активности и најави за блокада на Владата поради незадоволство од висината на минималната плата. Клучното прашање од аспект на политички интегритет е дали се создава перцепција на конфликт меѓу синдикалната автономија и евентуално институционално кооптирање преку именување во управен орган на државна институција.

Оценување на политичкиот интегритет: категорија ДАМКА со негативна вредност од −6

Согласно Методологијата на Индексот на политички интегритет, во овој случај постојат јавно документирани индикации за можен конфликт на интереси, медиумски фокус и јавна дебата но нема формален институционален одговор, реакција или правна постапка.

Станува збор за категорија „Дамка" (−4 до −6), при што оценката −6 соодветствува на ситуација во која постојат етички сомнежи и перцепција на недоследност, но без потврдена незаконитост. Во рамки на Индексот на политички интегритет, ваквите случаи претставуваат „Дамка" – односно предупредувачки сигнал за можно компромитирање на интегритетот, кој бара транспарентно објаснување и институционална јасност со цел да се зачува довербата на јавноста.

**Категорија:** влијание на елити

---

[1] **Методологија на „Индекс на политички интегритет"**

**Клучни аргументи**

1. **Недоследност помеѓу синдикална позиција и институционално именување**
   Во период кога Сојузот на синдикати на Македонија (ССМ) најавува и организира протести и генерален штрајк за минимална плата, медиумски е нотирано дека Ралповски не учествувал на протестите, а кратко потоа е именуван  за нов член во Управниот одбор на ПИОМ. Ова создава перцепција на потенцијално институционално кооптирање. Временската коинциденција меѓу протестите и именувањето во управен орган на државна институција отвора етичко прашање за автономијата на синдикалното делување. Членството во Управен одбор на ПИОМ претставува позиција од јавен интерес, со влијание врз пензискиот систем. Синдикален лидер кој застапува работнички права мора да демонстрира јасна дистанца од потенцијални политички влијанија. Случајот се отвара во период на засилени социјални барања и најави за блокади, што дополнително ја зголемува чувствителноста на јавноста кон евентуални компромиси или непринципиелни договори помеѓу синдикатите и извршната власт.

**Препорака за индивидуална одговорност во насока на заштита на интегритетот:**

Повлекување од страна на именуваниот член Ралповски од Управен одбор на ПИОМ во насока на заштита на интегритетот и враќање на довербата на граѓаните во синдикалната организација која ја предводи.

*Документот е подготвен од Форум за разумни политики (ФРП) како дел од нашата долгорочна работа на развој и одржување на Индексот за политички интегритет. Анализата се темели на јавно достапни податоци во медиумите и утврдени критериуми на индексот.*